**726.**
Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија” бр. 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје на триесет и петтата седница, одржана на 2 декември 2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
## НА ГРАД СКОПЈЕ, ЗА 2015 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа програма, Градот Скопје ќе даде поддршка на локалниот економски развој, преку реализација на следните активности:

- Сертификација на Град Скопје како општина со поволно деловно опкружување (програма BFC SEE), меѓународен печат за квалитет за бизнис пријателски општини;
- Промоција на Скопје како бизнис дестинација;
- Организирање на Денот на претприемачот;
- Поддршка на проектни активности на почетници во бизнисот;
- Учество на саеми и др.

### Член 2

Средствата за финансирање на оваа Програма за поддршка на локалниот економски развој, за 2015 година, се утврдуваат во износ од 3.961.000 денари (тримилионидеветстоишеесетиеднаилјададенари) и се обезбедуваат од буџетот на Град Скопје.

### Член 3

Средствата од оваа Програма ќе се користат за :

1. Сертификација на општини со поволно деловно опкружување (програма BFC SEE),
   - учество во Програмата за сертификација ................................370.000,00 ден.

2. Стратешки план на Град Скопје, за период 2015-2019 год. ........300.000,00 ден.

3. Водич за инвеститори-
   -Ревидирање на Водичот за инвеститори ..................................170.000,00 ден.
   - Превод на ревидираниот Водич за инвеститори ......................100.000,00 ден.
   -Печатење на Водичот за инвеститори .......................................150.000,00 ден.

4. Изработка на ВЕБ страна за промоција на инвестиции........................................................................... 250.000,00 ден.

5. Денот на претприемачот
   -учество во организација на настанот ........................................300.000,00 ден.

6. Кофинансирање на проектните активности на бизнис инкубаторите и центри за развој на иновации – објавување на Јавен повик .. 300.000,00 ден.

7. Учество на саеми……............................................................... 500.000,00 ден.

8. Кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Скопски плански регион .....................................................1.521.000,00 ден.

**Вкупно: .......................................................................3.961.000,00 ден.**

По потреба, во текот на реализацијата на оваа програма, може да се врши прераспоредување на средствата од една во друга позиција, за што ќе се информира Советот на Град Скопје.

**Член 4**

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 5**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 07 –8362/1
2 декември 2014 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
м-р Ирена Мишева,с.р.